MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-759/4
10 -06- 2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на второто продолжение од 49та седница одржана на ден 08.06.2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-3609/1 од 19.10.2020 година доставена од непознат подносител **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3609/1 од 19.10.2020 година и истиот да се затвори и архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3609/1 од 19.10.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи за можен судир на интереси против проф. д-р ----- ------- - ВД Директор на -------- ------- -------- и раководител на катедра за ----------------.

Пријавителот во пријавата наведува дека проф. д-р ------- ---------, согласно статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, не може истовремено да биде раководител на Катедра по ---------------- и раководител, односно ВД директор на друга организациона единица.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до Медицинскиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје со Барање за доставување на податоци и информации за тоа дали проф. Д-р --------- ------------- е раководител на Катедрата за --------------, а во меѓувреме го разгледа и Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје каде се содржани одредби со кои се регулира формирањето и дејноста на катедрите при факултетот.

Во законски утврдениот рок Медицинскиот факултет во Скопје ги достави бараните информации и ја извести Државната комисија дека:

- Проф. Д-р ------- -------- е избрана за раководител на катедрата за дерматовенерологија и потврдена од Деканот на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со одлука број 02-4411/4 од 30.10.2020 година.
- Проф. Д-р ---------- ------------ е избрана за раководител на катедрата за мандатен период 2020-2023 година од 31.10.2020 година.

Од друга страна пак, во Статутот на Медицинскиот факултет во член 22 се предвидува дека за вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачка високостручна здравствена дејност, на Факултетот се основани следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри, центри, лаборатории, библиотека и стручна и административна служба.
Институти и катедрите се основни внатрешни организациони единици на Факултетот и поради тоа истите одредби кои важат за институтите, важат и за катедрите.
Во член 29 од истиот Статут се предвидува дека Раководител на институт не може истовремено да биде и раководител на друга внатрешна организациона единица, а погоре цитираната одредба предвидена во член 22, јасно дефинира што спаѓа во внатрешна организациона единица.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното и она што е предвидено во самиот Статут на Медицинскиот факултет, произлегува дека ЈЗУ Универзитетска Клиника за ------------ не е внатрешна организациона единица на факултетот.

Тоа, меѓу другото значи дека наводите за можен судир на интереси, односно состојба на кумулација на функции наведени во пријавата врз основа на која се оформи овој предмет против проф. Д-р --------- ----------- ВД Директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за ---------- и Раководител на Катедра за ----------------- не се потврдуваат, поради што Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**М-р Шемши Салаи**

Изработил: Е.Н, соработник
Одобрил: В.Г, член на ДКСК